Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-471/3
05-09-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 471/1 од 21.08.2023 година, поднесена од лицето со иницијали [redacted] од Охрид за извршена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на [redacted] од Тетово, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 05.09.2023 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

СЕ ОТФРЛА претставката бр. 08-471/1 од 21.08.2023 година, поднесена од поднесена од лицето со иницијали [redacted] од Охрид, поради тоа што подносителот на претставката е анонимно лице.

## О б р а з л о ж е н и е

На 21.08.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) преку електронска пошта која системот автоматски ја регистрира, беше доставена претставка од анонимно лице со иницијали [redacted] од Охрид за заштита од дискриминација по основ на национална или етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, против лицето [redacted] од Тетово.

Подносителот во претставката наведува дека лицето [redacted] и на својата faceook страна и во одредени медиуми шири говор на омраза и ја шири националистичката идеја за „Голема Албанија".

Поднесената претставка не содржи податоци за подносителот односно име и презиме, како и податоци за потенцијалниот дискриминатор.

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: *„податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот."*

Согласно на тоа, Комисијата на 29.08.2023 година со допис бр. 08-471/2 испратен по електронски пат на мејл адресата од која е поднесена претставката, го задолжи подносителот на претставката да ја доуреди односно да се идентификува во рок од 3 (три) дена.

Подносителот на претставката не го достави бараното доуредување на претставката во утврдениот рок.

Врз основа на изнесеното се утврди дека поднесената претставка е неуредна и не ги содржи сите потребни елементи кои треба да ги содржи претставката, а кои се предуслов за понатамошно постапување од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно на горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката заради тоа што подносителот на претставката е анонимно лице.

Скопје,
05.09.2023

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива